Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 10-1189/1
14.10. 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 став (1) алинеја 8 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24) и член 8 став (2) од Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање одобрение за летање на цивилни и државни воздухоплови ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 264/21), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на Редот на летање за IATA Зимската сезона 2024/2025**

1. **СЕ УТВРДУВА** Редот на летање на сите редовни авиопревозници кои летаат до/од Република Северна Македонија за IATA Зимската сезона 2024/2025, односно периодот од 27 октомври 2024 година до 29 март 2025 година.

2. Авиопревозниците треба да го вршат редовниот воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај врз основа на меѓународни договори што ја обврзуваат Република Северна Македонија, Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24) и Законот за облигациони и стварно правни односи во воздушниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/08, 148/11, 10/15, 150/15 и 173/15) и другите прописи кои важат во Република Северна Македонија.

3. Авиопревозниците се должни согласно член 47 став (1) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24) редовно и уредно да го одржуваат превозот во воздушниот сообраќај.

4. Авиопревозниците се задолжуваат, согласно член 28 став (3) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24), на барање на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, пред почетокот на IATA Зимската сезона 2024/2025, до Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија (на е-пошта: dimeri@caa.gov.mk) да доставуваат Програма за обезбедување на авиопревозникот, одобрена од надлежната воздухопловна власт на земјата која го издала уверението за исполнување на безбедносни услови (AOC).

5. Авиопревозниците ќе бидат предмет на RAMP инспекции од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија согласно Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на летачки операции, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор за летачки операции ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/21) и Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење надзор на воздухоплови, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор на воздухоплови "Службен

весник на Република Северна Македонија" бр. 49/22) во кои се транспонирани соодветните ЕУ прописи за вршење на RAMP инспекции.

6. При вршењето на редовен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај авипревозниците треба да ги почитуваат важечките прописи за патничките права и истите ќе бидат предмет на инспекција од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија согласно Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на заштитата на патничките права во воздухопловството, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/23).

7. Врз основа на ова решение Агенцијата за цивилно воздухопловство ќе издаде посебни одобренија за летање на странските авипревозници наведени подолу, со исклучок на ЕЗВО авиопревозниците кои летаат на секторот на 3-та и 4-та воздухопловна слобода.

8. Непридржувањето кон горе-наведените задолженија и посебните одобренија за летање е основа за нивно повлекување.

9. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од 27 октомври 2024 година.

**Директор**
**Драги Стојаноски**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Скопје-Shkup

Подготви: ЕА
Одобри: ВЃА

**Доставено до Архива и до:**

1. Austrian Airlines;
2. Air Serbia;
3. Aegean Airlines;
4. AJet;
5. Croatia Airlines;
6. Chair Airlines;
7. Wizz Air Hungary;
8. Wizz Air UK;
9. Wizz Air Malta;
10. Pegasus Airlines;
11. Edelweiss Air AG;
12. Lot Polish Airlines;
13. Turkish Airlines;
14. Sun Express Airlines и
15. Lufthansa.